# Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, ми рече: „Читај ми.“

Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, ми рече: „Читај ми.“ Јас реков: „О, Божји пратенику, зарем јас да ти читам, а тебе ти е објавен (Куранот)?“ Тој рече: „Да.“ Па ја рецитирав сурата „Ен-Ниса“, сè додека не дојдов до овој ајет: „А што ќе биде, кога од секој народ ќе доведеме сведок, а тебе ќе те доведеме како сведок против овие народи?“ (Ен-Ниса: 41) Тогаш тој рече: „Доста е сега.“ Се свртев кон него – а неговите очи беа насолзени.

[صحيح] [متفق عليه]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, побарал од Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него, да му рецитира нешто од Куранот. Тој рекол: „О, Божји пратенику, зарем јас да ти рецитирам, кога тебе ти е објавен?“ А Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, одговорил: „Јас сакам да го слушам од друг.“ Па Абдулах бин Месуд почнал да рецитира од сурата „Ен-Ниса“. Кога стигнал до зборовите на Севишниот: „А што ќе биде, кога од секој народ ќе доведеме сведок, а тебе ќе те доведеме како сведок против овие народи?“ (Ен-Ниса: 41) Што значи: каква ќе биде твојата состојба и состојбата на твојот умет, кога ќе бидеш доведен како сведок дека им ја пренесе пораката од Господарот? Тогаш Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Доста е сега.“ Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него, вели: „Се свртев кон него – а од неговите очи течеа солзи, од стравопочит кон тој ден и од милост кон неговиот умет.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee